ProCredit Bank

# Транспарентност

# Тема: Депозити

www.procreditbank.com.mk

# Транспарентност
## Тема: Депозити

# Што треба да знаете за една Банка, пред да ги орочите Вашите пари!

ПроКредит Банка се залага за поголема транспарентност и објективност во комуникацијата со клиентите и претставувањето на производите. Клиентите се во фокусот на нашето внимание и имаат право на добра и квалитетна финансиска едукација.

### Кои се сопствениците на Банката?
### Информирајте се за акционерската структура на банката, за нивната репутација и стабилност.

**Зошто е потребно да знам?**

Тоа е показател за сигурноста на банката и значајно е зад неа да стојат и да одлучуваат реномирани институции

**Каде можам да го најдам овој податок?**

Информирајте се преку вработените во Банката, официјалната веб страница или документирани извори како годишен извештај, брошури итн.

### Дали Банката поседува оценка за рејтинг од реномирана и независна агенција?

**Зошто е потребно да знам?**

Постојат агенции кои даваат независно мислење за стабилноста на банката и прават анализа според квалитетот на кредитното и депозитно работење, при тоа анализирајќи:
а) дали банката врши добра кредитна анализа,
б) дали исплаќа кредити на оние субјекти кои можат да го вратат кредитот. Врз основа на овие податоци, агенцијата дава оценка и одредува рејтинг и степен на сигурност или ризичност на Банката.

**Каде можам да го најдам овој податок?**

Информирајте се преку вработените, преку официјалната веб страница или преку веб страницата на некоја од рејтинг агенциите.

### Како Банката ги инвестира средствата од депозитите на граѓаните?
а) дали нуди кредитни производи и кому?
б) колкав е процентот на кредити кои се во доцнење со исплатата и процентот на отпишани кредити?

**Зошто е потребно да знам?**

Банките ги инвестираат средствата од депозитите на граѓаните во кредити за население и/или претпријатија. За тоа дали правилно и безбедно ги инвестира средствата, потребно е да се знае дали истата кредитира врз основа на квалитетна и детална финансиска анализа на кредитобарателите. Се смета дека ризикот за средствата на граѓаните е минимален, доколку процентот на кредитите кои се во доцнење со отплатата е под 3%*.

* според светската пракса

**Каде можам да го најдам овој податок?**

Овие податоци се достапни во месечните извештаи кои Банката ги доставува до Народна Банка на РМ и годишниот извештај.

### Колку камата навистина добивате?

**Зошто е потребно да знам?**

Каматните стапки се изразуваат на годишно ниво. При тоа пресметката за тоа колку камата ќе добиете за периодот на орочување, можете да ја направите и сами и тоа на следниов начин:

**а) која е всушност каматата за еден месец?**
камата за една година поделено со 12 месеци = камата за еден месец

**Пример:**

Сакам да орочам 1.000 евра на 3 месеци (април, мај, јуни) а Банката ми вели дека каматната стапка изнесува 3,5% за една година.

**Сметам вака:** $\left(\frac{1000 \times 3,5 \times 91 \text{ денови}}{365}\right) : 100 = 8,72$ €

**б) колку камата добивам по истекот на периодот?**
Сумата која сакам да ја орочам помножено со каматна стапка на год.ниво помножено со период на орочување во денови поделено со број на денови во календарска година

**Пример:**

Сакам да орочам 1.000 евра на 12 месеци (1 година) и каматната стапка изнесува 3.5% за една година.

**Сметам вака:** $\frac{1,000 \times 3,5 \times 365}{365 \times 100} = 35$ €

### Дали каматната стапка значително се разликува од останатите на финансискиот пазар?

**Зошто е потребно да знам?**

Доколку каматната стапка е значително повисока од оние на останатите банки и претставува нелогична и неразумна бројка, може да значи дека Банката има недостаток на парични средства и дека прифаќа поголеми ризици во работењето или нема доволно парични средства за да ги исплати постоечките обврски кон клиентите.

### Дали каматната стапка е фиксна и дали Банката го задржува правото да ја смени каматната стапка во текот на периодот на орочување, по склучениот договор со клиентот?

**Зошто е потребно да знам?**

Каматната стапка треба да е фиксна и непроменлива во текот на целиот период на орочување: од моментот кога сте ги орочиле средствата, се до последниот датум на орочениот период.

**Каде да го најдам овој податок ?**

Информирајте се преку вработените во банката и добро прочитајте го договорот пред да го потпишете.

### При тоа, добро е да се информирате и:

а) дали Банката наплаќа провизија за отворање и/или одржување на депозитот?

б) дали можете да го разорочите влогот предвремено, секогаш кога ќе Ви биде потребно?
Доколку одговорот е да, тогаш:

- дали се пресметува казнена камата за раскинување на договорот?
- дали при тоа ќе се намали вашиот влог?